Катерина Момева

# вРЕКВИЕМг

ФДУ - СКОПЈЕ
06 Јули 2005

Проф.
Русомир Богдановски

ЛИКОВИ:

**Петко -** бивШ министер за финансии, покојник

**Маре** - жена на Ратко, љубовница на БоШко

**Ратко -** министер за финансии, покојник

**БоШко** - брат на Ратко, пропаднатиот син на Попот Петар

**Попот Петар** - свекор на Маре, татко на Ратко и БоШко

**Даница** - жена на БоШко, љубовница на Ратко

ПРВА СЦЕНА

Во гаражата од куЌата на Ратко. Во неа Ратко и Петко, седат на маса и разговараат.

РАТКО: Не станувај, Ќе ти се налутам.

ПЕТКО: Жена ми ме чека.

РАТКО: И нека те чека.

ПЕТКО:Ај уШте по една.

РАТКО: Ти си ми неШто чуден. Црна ти е косата.

ПЕТКО: Немам повеЌе бели влакна.

РАТКО: Како е можно?

ПЕТКО: Красимир Красов ме среди. Пластичниот хирург од Бугарија.

РАТКО: И брчки немаШ.

ПЕТКО: Се е негово дело.

РАТКО: ЦЦц.Сега како млад изгледаШ.

ПЕТКО: Ај за многу успеси.

РАТКО: И само успеси.

(Наздравуваат и испиваат ШиШенце со жолта ракија)

РАТКО: Ни боемите не можат со нас.

ПЕТКО: Нема поголеми боеми од нас. Се сеЌаваШ колку девојки фативме на иста финта.

РАТКО: Ха ха ха, им го рецитиравме Поур тои мон амоур.

ПЕТКО: Па да, Јацљуес Превер.

РАТКО: ќе кревавме револуција!

ПЕТКО: ќе го менувавме светот!

РАТКО: Се бунтовавме против власта!

ПЕТКО: А сега ние сме власта! Сега сме на врвот на пирамидата!
РАТКО: А не, јас сум на врвот на пирамидата, ти си само опозиција.
ПЕТКО: Јас бев прв. Твоите ме турнаа.
РАТКО: Каква врска има тоа?
ПЕТКО: Вие, и ваШите валкани игри. НикогаШ не сте играле вфер - плејг.
РАТКО: Криво ти е, Што јас сум на твојата фотеља?
ПЕТКО: Јас сум подобар, а ти си само моја имитација.
РАТКО: НикогаШ не си можел да ми се фатиШ ниту за малото прсте.
ПЕТКО: Ти си моја сенка, Што би рекол Платон, сенка, на сенката моја.
РАТКО: Криво ти е, Што сега, јас сум власта.
ПЕТКО: Јас, во се, бев прв.
РАТКО: Ма немој!!!
ПЕТКО: Прв ја објавив збирката поезија, па после ти.
РАТКО:Мојата беШе подобра.
ПЕТКО: Прв ја фатив Маре.
РАТКО: ГледаШ ли? Ти си добар само на кратки патеки.
ПЕТКО: А ти, добар си, за долги патеки?! Тоа сакаШ да ми кажеШ?! НикогаШ не си знаел Што сакаШ! Без идентитет! Само ми ги земаШе моите работи и одеШе по моите стапки.
РАТКО: Маре, се омажи за мене.
(пауза)
РАТКО: ГледаШ ли? Ти си добар само на кратки патеки(стази).

ПЕТКО: А ти, добар си, за долги патеки(стази)?! Тоа сакаШ да ми кажеШ?! НикогаШ не си знаел Што сакаШ! Без идентитет! Само ми ги земаШе моите работи и одеШе по моите стапки.

РАТКО: Не е вистина!! СекогаШ ме провоцираШ вака. А всуШност, ти си таков и мислиШ дека другите се како тебе. Признај дека сум подобар од тебе!

ПЕТКО: Кој беШе прв министер за финансии?

РАТКО: Затоа ти пропаднаа две банки и една Штедилница.

ПЕТКО: Сега тебе ти ги доделија, па Ќе видеме, ти, како Ќе се снајдеШ.

РАТКО: Подобро од тебе, сигурно.

ПЕТКО: Си ги поскапил лебот и цигарите, таксата си ја покачил за 0,5 ден.

РАТКО: Тоа е така заради локалните избори. Ептен ме интересира кој Ќе се кандидира.

ПЕТКО: Јас!

РАТКО: Ти!

ПЕТКО: ЗнаеШ дека народот ме сака.

РАТКО: После се! А мене никогаШ не ме засакал! Не е фер!

ПЕТКО: Сега доаЃаат моите пет минути. Како министер за финансии, не можев ниШто но, со влегувањето на наШата држава во Европската Унија, јас како градоначалник, Ќе добијам можност да станам член на Европскиот социјален комитет. Ова тело на Европската Унија има цел на советодавен орган. Навидум не изгледа толку важно како другите тела, но во него членуваат 222 членови, поделени во три групи. Работници, работодавци и други. А јас, припаЃам во третата категорија: вИ други.г ЗоШто?

РАТКО: ЗоШто?
ПЕТКО: Зар не гледаШ дека тука има дупка во законот? Кои се тие други? Какви се тие други?
РАТКО: Јас во ова не се разбирам.
ПЕТКО: Ни јас, но едно сватив - Од дупките во законот можат да се молзат пари. Ако се случи некаков вкиксг, ако некој ја искористи својата позиција, за некаква цел, како на пример, пари, тогаШ кој Ќе биде обвинет?
РАТКО: Кој?
ПЕТКО: Работодавците и работниците, бидејки другите не се именувани.
РАТКО: ОтсекогаШ си бил попаметен од мене! ОтсекогаШ си бил пред мене! Но, јас, тоа нема да го поднесам! Јас Ќе бидам градоначлник, а не ти! И за Красимир Красов, ти текна порано од мене, а тој му е најдобар пријател на татко ми . На сите им средив да имаат третман кај него, а за мене, не! Е не може така!
(Ратко вади пиШтол, и пука во Петко. Петко паЃа)
РАТКО: Конечно, се е во мои раце!
(Се обидува да се доближи до телото)
РАТКО: Море да бегам! Мразам крв!
(Ратко излегува и ја остава отклучена гаражата. Петко станува.)
ПЕТКО: Ова е трет пат. И пак ме промаШи. И уШте ја оставил гаражата отклучена. Вака можам да избегам. Е овој човек секогаШ ме засмејува.

ВТОРА СЦЕНА

Во нивната зедничка куЌа. Попот Петар се моли пред кандилото на Свети Илија. Се крсти. Се слуШаат гласови од надвор. КрШење. Некој ја отклучува вратата.

ПОПОТ ПЕТАР: Божјо чедо мое, непрокопсано. Се врати ли?

РАТКО:Да не се вратила Маре пред мене?

ПОПОТ ПЕТАР: Не, уШте е на работа. БоШко се јави, Господ нека му ги прости гревовите. Повторно истото.И тој имал право да живее во оваа куЌа.

РАТКО: Остави го БоШко, сега сум во небрано. СлуШаШ дека Штрајкуваат?

ПОПОТ ПЕТАР: Па секогаШ Штрајкуваат. Божји деца, непрокопсани.

ПОПОТ ПЕТАР: Господе, Исусе Христе помилуј нас греШните.

РАТКО: Ме слуШаШ Што ти зборувам!?

ПОПОТ ПЕТАР: И сега? Непрокопсан народ е ова!

РАТКО: Па Што да правам. На Петко двете банки и Штедилницата му пропаднаа, но вака не му правеа.

ПОПОТ ПЕТАР: (се крсти пред кандилото) Ах, Господе, Што не му даде акал за крадење, за да не ми е вака теШко. (на Ратко) Барем да украдеШе некоја пара, како Петко. Некој Ќар да видевме.

РАТКО: Да можев, Ќе украдев. Ама како министер за финансии, веднаШ сум на мета. А и предходната влада, ниШто не ни оставија за крадење.

(Се слуШа крШење. Пролетува домат на сцената.)

ПОПОТ ПЕТАР: Ах спаси не, Господи.

(Попот Петар оди да го затвори прозорецот)

РАТКО: СлуШај...јас не се плаШам од народот. Тој е истрениран. штрајкови има редовно и пак ниШто не добиваат од тоа. ќе повикаат...Ќе им олесни...и пак Ќе забораваат...Но, убив човек!

ПОПОТ ПЕТАР: што? Господи, зоШто не искуШуваШ?

РАТКО: Те молам тато, пред мене, не мора со стручни термини да се користиШ.

ПОПОТ ПЕТАР: Професионална деформација.

РАТКО: Го убив Петко.

ПОПОТ ПЕТАР:Пак?

РАТКО: Овој пат, сериозно го убив. Дојдов да ми помогнеШ.

ПОПОТ ПЕТАР: Не сакам да слуШам ни збор! Минатиот пат крена паника за ниШто.

РАТКО: Види вака, Петко сакаШе да се кандидира за градоначлник.

ПОПОТ ПЕТАР: Па Што, ти си министер.

РАТКО: Ама, во денеШно време, да си градоначалник е повеЌе отколку да си министер

ПОПОТ ПЕТАР: Како може магарето, да е поголемо од коњот?

РАТКО: Еве вака... Како министер за финансии не можев ниШто. Но со влегувањето на наШата држава во Европската унија, јас како градоначалник, Ќе станам член на Европскиот социјален комитет. Ова тело на Европската Унија има цел на советодавен орган. 222 членови, поделени во три групи, така некако. Работници, работодавци и други. Јас Ќе припагам во третата категорија. ЗоШто?

ПОПОТ ПЕТАР: ЗоШто?

РАТКО: Зар не гледаШ дека тука има дупка во законот?

ПОПОТ ПЕТАР: Не.

РАТКО: Ни јас не гледам, ама Петко кажуваШе дека има.

ПОПОТ ПЕТАР: Јас во ова не се разбирам.

РАТКО: Ни јас, но едно сватив - од дупките во законот можат да се молзат пари. Ако некој ја искористи својата позиција, кој Ќе биде обвинет?

ПОПОТ ПЕТАР: Кој?

РАТКО: Работодавците и работниците.

ПОПОТ ПЕТАР: ОтсекогаШ си бил полн со генијални идеи. Не како БоШко - деликвент. Син ми е, ама тој е деликвент. А ти си даса. Деликвент, ама на крупно, тоа го почитувам.

РАТКО: Но, ми треба твоја помоШ.

ПОПОТ ПЕТАР: што сакаШ од мене?

РАТКО: Ме обвинуваат, затоа Што немаат пари. Не сум јас крив. Сите крадат...ама не ја носи секој титулата вМинистер за финансиииг , само колку гордо звучи тоа.
(Некој од публиката фрла домат.)
РАТКО: Освен тоа, јас многу по домаЌински ги крадев, само преку зголемување на таксите и со поскапување. Замислиси да се осмелев на покрупни чекори. Се беШе во мои раце. А јас, ги поШтедив.
ПОПОТ ПЕТАР: Ама после министерската титула, ти не можеШ да ја носиШ титулата на Градоначалник.
Понижувачки е. Како Ќе го изведеШ тоа? Како министер, ти не можеШ да дадеШ оставка. Мислам... сеуШте си таму на функција.
РАТКО: Јас сум свесен дека народот не ме сака.
ПОПОТ ПЕТАР: А секогаШ те советував: Со секого добро, со никого искрено.
РАТКО: Јас тоа го сватив: Со никого добро, со секого искрено. И затоа мене не ме сакаат, а Петко го сакаат. Но, не останав ни јас подолу. Сите Што беа против мене, ги ликвидирав. Потоа на наШата телевизија, ја терав Маре да објавува дека заминаа во дијаспората. Но, народот, не можеШ лесно да го излажеШ.Единствениот човек кого народот го сака е Петко. Сите Ќе ја подржуваат неговата кандидатура. Тој е еден трчи - лажи, но сите му веруваат. Не можев да го поднесам. Толку му бев љубоморен. Сакав да сум како него, сонував да бидам како него. Го убив. Нужно беШе. Не ми е прв пат да пукам во него, ама дефинитивно ми е последен.
ПОПОТ ПЕТАР: Каде е неговото тело?

РАТКО: Во наШата гаража.
ПОПОТ ПЕТАР: Таму, заедно... го поминавте детството.
РАТКО: Мора да сум цврст. Хард цоре. Блазеси ми. Камо сите да го имаа мојот ум, Ќе имаа мотивација за живот.
ПОПОТ ПЕТАР: А каде Ќе го скриеме телото.
РАТКО: Не грижи се. Се сум смислил. Ти на сите Ќе им кажеШ дека сум се обесил. По сите весници Ќе разгласиШ. А и по телевизиите Ќе одиШ. Маре и нејзината телевизија, не ја меШаме. Јас Ќе напиШам писмо, во кое Ќе кажувам колку народот беШе неправеден со мене. Со ваков народ, едноставно човек си го замразува животот. Писмото Ќе оди по сите телевизии и весници. ќе станам дури и попопуларен од порано. Во писмото, меЃудругото, Ќе пиШува дека кога Ќе ме закопуваат, не сакам почести од народот, бидејки, овој народ, мене не ми е достоен. Се разбира, само јас и ти, Ќе знаеме дека во ковчегот е телото на Петко. Потоа, ти имаШ задача да исконтактираШ со твојот најдобар пријател од Бугарија, Красимир Красов. Не дека јас не можам тоа да го сторам, но јас, нели, важам за мртов. Тој како професионален пластичен хирург, естетски Ќе ме обработи. И така, јас од Ратко, Ќе станам Петко. Се разбира, јас отсекогаШ сакав да бидам како Петко, и ете, човек сам си прави да успее во тоа Што сакал. Јас успеав.
ПОПОТ ПЕТАР: Овој, твој, голем план, ме збунува.
РАТКО: Тоа не е се. СлуШај, Ќе направам големи пари. ќе има за сите. Дел од парите Што Ќе ми останат, Ќе бидат за мене, а другиот дел Ќе го дадам во Европската Унија. Да знае Европа дека и ние можеме! Дека и ние имаме!
ПОПОТ ПЕТАР: Да размислам.

РАТКО: Нема време за размислување. Јас сум во тесно.
ПОПОТ ПЕТАР: Прости ми Господе, ама ми станува интересно. Добро. Се согласувам. Но ти испуШти еден детаљ, за кој треба да се договориме. ВеднаШ да ми го препиШеШ тестаментот. ЗнаеШ каков деликвент е брат ти. Ако неШто падне во рацете на БоШко, се Ќе запусти. Тоа е непходно, заШто, после твојата смрт сите Ќе се нафрлат врз тестаментот.
РАТКО: Јас сум изненаден од твојата промисленост. Така треба, напредуваШ! Се согласувам. ќе направам тестамент. Јас сум горд Што направивме вака добар план. Јас просто се гордеам на својата способност, да се снајдам во секаква ситуација. Не бев таков, но животот ме челичеШе.
ПОПОТ ПЕТАР: Така е. Сега да побрзаме.
РАТКО: Јас се кријам, за брзо да се вратам.
ПОПОТ ПЕТАР: Јас Ќе дојдам да те заклучам, само да видам каква е ситуацијава надвор.
(Ратко излегува, попот останува сам.)
ПОПОТ ПЕТАР: што добивам јас, кога би му помогнал на мојот син. Не сум имал жена од моите триесет години. Редовно постам. Со сите сум добар. Праведно судам. И се за џабе. А во дуШата и јас бев расипан, ама си ја потиснував мојата природа од принципи. Сега сакам да си ја пуШтам дуШичката. Снаата ја трпам пет години во куЌава. Барем еднаШ ручек да ми зготвеШе. БоШко, цел живот, на вратот ми висеШе. Сега мене ми е редот. ќе свртам нов лист. А зоШто јас да не се кандидирам за градоначлник? Мене ме сакаат повеЌе од Петко. Петко е мртов. Ратко Ќе важи за мртов, затоа најлесно Ќе можам да го отстранам него. За

сега, Ќе го оставам заклучен во подрумот. Не смеам да се кандидирам како независен кандидат. Сите независни кандидати губат. Мора да си најдам партија. Така Ќе направам.

ТРЕТА СЦЕНА

(Црква. Попот Петар го опева Ратко, другите плачат. Ковчегот е затворен.)

МАРЕ: (тажи) Ах Ратко! Мажу мој златен. ЗоШто ме остави?

ПОПОТ ПЕТАР: Господи, зоШто вака ?

МАРЕ: Мажу мој, направивме се како Што ни напиШа во писмото. Погребот е скромен, поскромен не може ни да биде. Навистина никој не беШе достоен за твојот погреб, ама и онака никој не сакаШе да ти дојди на погреб. Освен твојата верна и блиска фамилија.ГледаШ ли колку се злобни луЃето. На маката ти се ситат. Ама нека пукнат. Види колку сум се дотерала за тебе.

(Почнува да липа.)

МАРЕ: Па, ти не можеШ да видиШ. Ах, клета судбино! Сум се облекла, како Што ти сакаШе да бидам облечена, кога ме носеШе на приеми; кога се гордееШе дека сите гледаат во твојата убава жена. Сакам и во смртта да се гордееШ Што, еве, јас ти бев жена.

БОшКО: Брату мој сакан!

ДАНИЦА: Деверче мое, како Ќе живеам без тебе.

МАРЕ: ЗоШто баШ тебе ваква црна судбина, да те снајде ? Само добрите луЃе страдаат. Тоа секогаШ било така. Другите крадеа миличок, па продолжија да живеат. А ти си имаШе мекичка дуШичка, па си крена рака на себеси. ЗоШто Ратко? Кажи ми зоШто?

(Маре липа, БоШко ја прегрнува)
БОшКО: Смири се. Биди храбра. Гордо исправи ја главата. Таква Ратко те сакаШе.
ПОПОТ ПЕТАР: Чедо мое.
БОшКО: Ратко, цел живот најмногу те сакав тебе, од сите луЃе. Дури ни себе си не се сакав, колку тебе Што те сакав. Ме извлече кога бев најдолу. Ме извади од поправен дом, на Шеснаесет. Ме вработи, бидејки никој не сакаШе да ми даде работа. Ми помогна да престанам да пијам и да се курвам. Ми најде жена, бидејки никој не ме сакаШе ваков. Но, јас спиев со жена ти. Брат си ми, ама ете, таков си бев јас.
ПОПОТ ПЕТАР: Ах, Господи, Што син сум имал!!??? Ах, Ратко, зоШто ме остави. Ах, Господи, осветли му ја дуШата, на овој непрокопсаник, да стане свесен каков грев направил.
МАРЕ: Не можев Ратко. Не можев да му одолеам на брат ти.
БОшКО: Знам дека греШев. Јас, сега... животот би ти го дал, ама не можам. Сега е доцна за се.
ДАНИЦА: Абре будала еден, зар мислиШ дека Ратко беШе толку глупав. Тој цело време знаеШе.
МАРЕ И БОшКО: ЗнаеШе?!!!?
ПОПОТ ПЕТАР: Тебе ти кажал дека знае!?
ДАНИЦА: Ние бевме љубовници!
ПОПОТ ПЕТАР: што семе никнало од мене, Господи.
МАРЕ: Со тебе!? Мажот ми ме заменил за тебе!!??
ДАНИЦА: Па Што. што сум јас полоШа од тебе.
МАРЕ: Јас сум со достоинство, а ти не.
ДАНИЦА: Ти си со лажно достоинство и со предрасуди. А јас сум со Широка дуШа, плаузабилна. Се прифаЌам. ГледаШ, ти спиеШе со мојот маж, но јас немам проблем со тоа. Не ми

пречи. Па и зоШто да ми пречи? Мене Ратко ме носеШе на третмани кај Красимир Красов. А БоШко ми ги разубавуваШе ноЌите, навистина, нема на Што да се пожалам!
МАРЕ: Ах Ратко, многу добар беШе. Ама многу по курви одеШе! Зар немаШе куЌа? Зар немаШе жена?
БОшКО: Жена ми не е курва! Таа е почитувана курва!
ДАНИЦА: Еј, не сакам никој овде да биде во заблуда. Јас не сум курва, не се давам за пари. Тоа го правам ете чисто така од задоволство, од страст, од љубов. Вие тоа не го разбирате. Само Ратко можеШе да ме разбери.
БОшКО: Не се сомневам!
ПОПОТ ПЕТАР: Ова е змиино гнездо, Господи.
БОшКО: Брату, ти си таму горе, а јас сега морам да мислам да се спасам себеси, а и жена ти и татко ми, како и жена ми...посебно морав да мислам на женати и на жена ми...ме разбираШ...нив некој треба да ги заШтити.
МАРЕ: Миличок, морам да најдам закрила под некого.
БОшКО: Затоа вечерва на телевизија, а и по сите весници Ќе излезат докази против тебе, дека од сите си крадел пари, а за тоа не сме знаеле, ниту јас, ниту жена ти, ниту татко ни. Во меЃувреме, јас ги собрав парите од Штедилницата и банките, оти и тие пропаднаа.
ПОПОТ ПЕТАР: Прости им сине, знаат Што прават.
БОшКО: Насловот Што го дадовме за статијата, е така одбран, Што боди очи и сите Ќе го читаат. вРатко бил крив, Што бил жив.г
МАРЕ: Инаку идејата за насловот беШе моја, генијално нели?
ПОПОТ ПЕТАР: И Јуда го предаде Исуса со бакнеж.

ДАНИЦА: Ратко, ти ја украдов и идејата за јавната куЌа. Каква добивка за државата, е да се има јавна куЌа. Средствата Што ги располага Европската Унија, за фаре програмата и средствата за обнова на регионите, како и кредитите Што ги дава - сето тоа е од даноците Што ги плаЌаат јавните куЌи.

БОшКО: Само нека ме изберат за градоначалник, Ќе добиете Што Ќе посакате.

МАРЕ: Јас Ќе станам министерка за евроинтеграција!

ДАНИЦА: А јас Ќе отворам јавна куЌа!

ПОПОТ ПЕТАР: Барем на оној свет, оставете го син ми, да почива во мир.

МАРЕ: Јас мислам веднаШ да го извадиме црното.

БОшКО: Мртвите си се мртви, а живите си се живи.

ПОПОТ ПЕТАР: Да те опеам сине, оти и не пеан Ќе ми те закопаат без око да им трепне.

ДАНИЦА: Јас мислам дека треба да одиме, оти не чека работа околу изборите.

БОшКО: Тато, немој да заборавиШ да не викнеШ кога Ќе се отвора тестаментот.

ПОПОТ ПЕТАР: ќе те викнат од суд, не сум ти татко.

БОшКО: Па добро.

(Даница, Маре и БоШко излегуваат.)

ЧЕТВРТА СЦЕНА

(Во подрумот од куЌата е заклучен Ратко, сам.)

РАТКО:Јас сум среЌен! Многу сум среЌен! Конечно Ќе имам с#, во мои во раце! С# е мое! Парите од Петко, кутриот, тој не ни знаеШе. Маре, која тој, најмногу на светот ја сакаШе. С#! Тој мене секогаШ ме потценуваШе. МислеШе дека јас не сум способен. Колку само морав да го трпам, за да ги стекнам неговите моЌни пријатели. СекогаШ сакаШе да се покаже попаметен од мене. Сега с# е мое! Јас можев да го убијам уШте првиот пат, јас не промаШувам никогаШ! Ама го оставав да се мачи, да создава повеЌе, за да можам да крадам повеЌе! С# е мое! Сега е најважно да го оствариме планот.Колку е часот?..

(Гледа во часовникот на раката.)
РАТКО: ТребаШе с# да биде готово... Го нема... Добро можеби се задржал. Сигурно сега сите плачат по мене. Знам дека им е теШко. Маре не може да се соземе! А Даница .. таа е многу чуствителна! Но, кога Ќе ме видат жив, Ќе бидат многу среЌни! Кутриот мој брат, сега не знае кој пат да го фати. Тој за ниШто не беШе способен без мене.
(Се слуШа како неШто да се движи.)
РАТКО: Можеби е татко ми. Ама ако не е тој? Колку е теШко вака.Немам мобилен. Во процедурата со починатиот, се прониШтуваат сите документи, а и бројот на мобилниот телефон му го одземаат, го префрлаат врз некое друго лице... или го препродаваат? Така мислам...незнам... татко ми не Ќе ме лаже.
(Повторно гледа во часовникот.)
РАТКО: Па добро, доцни само три часа... НиШто не е тоа... Сега треба да го најде Красимир! Тоа Ќе биде комплициран процес. ќе треба да излезам, никој да не ме види. Красимир да ме земе со неговиот таен авион. Детално да ја проучи мојата вилица, па вилицата на Петко. Потоа и носот. Па челото. И телото Ќе треба да ми го среди. Тоа бара време. Не смее ниШто да се згреШи. Само пет сантиметри Ќе бидам повисок од Петко. Кога Ќе се појавам, сите Ќе мислат дека сум Петко. Којзнае како Ќе реагира жена ми. Дури тогаШ Ќе видам кого сакала, мене или Петко.. глупости. Таа нема да го сака Петко, туку скриениот Ратко во Петко. Ма јас Ќе бидам поубав од Петко.
(Ратко повторно погледнува во часовникот.)

РАТКО: Гладен сум...сигурно сега раздаваат за моја дуШа...Колку вкусно. Јадат сигурно посни работи. ОтсекогаШ сум ги сакал лепчињата за дуШа. Сигурно јадат маслинки. Даница многу сака маслинки, а тато и БоШко пченица и леблебии. Лиги ми течат кога си ги замислувам.
(Ратко пали цигара, повлекува и повторно погледнува во часовникот.)
РАТКО:ќе имам одврзани раце да правам, с# Што сакам. На Петко с# му се простува. ќе треба да се префрлам во опозицијата. Петко беШе во опозицијата.Тоа е добро, така јас Ќе ги знам тајните и на власта и на опозицијата.Може на наредните избори, да се кандидирам за премиер.
(Повторно погледнува во часовникот.)

ПЕТТА СЦЕНА
Цела фамилија е собрана, во зедничката куЌа. Попот Петар Ќе го отвара тестаментот.
МАРЕ: Конечно се собравме, за да се разјаснат некои работи.
(Останатите молчат.)
ПОПОТ ПЕТАР: Ова е моја куЌа и Ќе се слуШа мојот збор.

МАРЕ: Твоја но, не за долго. Прво да го видиме тестаментот, па потоа Ќе зборуваме за тоа на кого каде му е местото!

ПОПОТ ПЕТАР: Зар немаШ почит кон свекор ти!!!!

МАРЕ: (се смее иронично) Ти се молам. НикогаШ не сум имала.

БОшКО: Јас не сум за долго, но оваа средба беШе неопходна. Ти тоа добро го знаеШ.

ПОПОТ ПЕТАР: Не, не знам.

БОшКО: Не знам дали добро си информиран, но јас сум кандидиран за градоначалник, исто така.

ПОПОТ ПЕТАР: Па Што.

БОшКО: ВеЌе собрав потписи. Народот ме поддржува.

ПОПОТ ПЕТАР: Ако бараШ од мене да се повлечам, тоа нема да го сторам.

БОшКО: Не ми е јасно Што добиваШ ти со тоа. ИмаШ седумдесет години. Требало порано да мислиШ, ако си сакал да градиШ кариера. Ти секогаШ си бил настрана.

ПОПОТ ПЕТАР: Да, вистина е дека цел живот сум си ја работел работичката и сум молчел, но повеЌе не може така.

(Даница почнува да аплаудира.)

ДАНИЦА: Браво, така ве сакам. Вие сте храбар како ваШите синови. Ох, по Ѓаволите, вие сте даса. ВаШите синови, всуШност, не може да ви се фатат ни за малото прсте.

(Таа му седнува на попот Петар во скут и го бакнува во уста.)

ПОПОТ ПЕТАР: Ох Богородица Пречиста.

(Таа го бакнува уШте еднаШ.)

ПОПОТ ПЕТАР: Ух..Ух..убаво..Господи, прости ми, непрокопсан сум.

ДАНИЦА: Вие навистина сте подобар од ваШите синови.
Цмок. Цмок. Цмок срцуленце.

(БоШко му се обраЌа на Попот.)

БОшКО: Спремни сме да се откажеме од делот на Маре, само ти повлечија кандидатурата.>ако ја повлечеш твојата кандидатура).

ПОПОТ ПЕТАР: Кој ти дава право, тебе, да располагаШ со парите на жената од твојот брат!!??

МАРЕ: Јас. ИмаШ неШто против?

ПОПОТ ПЕТАР: Па да, не сум изненаден. Ти уШте на погребот од>на Ратко си ги покажа роговите. Расипана жена!

(Даница аплаудира повторно, и пак го бакнува, го прегрнува, а потоа го Штипи >штипнува за носот и му зборува.)

ДАНИЦА: Татенце мој. Ти си мојот татенце.

БОшКО: Спремни сме да се откажеме од делот на Маре, само ако ја повлечеШ твојата кандидатура.

ПОПОТ ПЕТАР: Кој ти дава право, тебе, да располагаШ со парите на жената од твојот брат!!??

МАРЕ: Јас. ИмаШ неШто против?

ПОПОТ ПЕТАР: Па да, не сум изненаден. Ти уШте на погребот на Ратко си ги покажа роговите. Расипана жена!

МАРЕ: Ти најде да зборуваШ. Во скут ти седи Швалерката на син ти. ВсуШност жената на другиот твој син.

ДАНИЦА: И Ќе си седам, убаво ми е.

МАРЕ: Седи си.

ПОПОТ ПЕТАР: По вакви фамилијарни интриги, Што ги приредувате ти и БоШко, јас никогаШ нема да се откажам од кандидатурата. Дури Ќе правам и реклами против вас.

 (Даница аплаудира повторно, и пак го бакнува, го прегрнува, а потоа го Штипнува за носот и му зборува.)
ДАНИЦА: Татенце мој. Ти си мојот татенце.
ПОПОТ ПЕТАР: Знаете дека куЌата му ја имав оставено на Ратко а, тој, како малку почесен од вас, тоа не го искористи. Новиот тестамент го има Ратковиот потпис.Освен тоа, с# е препиШано на мое име. Со исклучок на куЌата која, лично јас, подоцна и ја препиШав на Даница и таа од денес Ќе живее со мене. Остатокот од парите се мои. Еве погледнете. (Им го подава тестаментот на сите да го видат, тие го гледаат. БоШко почнува налудничаво да се смее.)
ПОПОТ ПЕТАР: Што е смеШно?
БОшКО: Тоа Што, единственото неШто, кое можеШе да го имаШ, ти си и го препиШал на Даница.
ПОПОТ ПЕТАР: Да, но јас имам многу пари..разбираШ..
БОшКО: Се Што беШе на сметката на Ратко, префрлено е на мое име.
МАРЕ: Тоа е моја идеја.
ПОПОТ ПЕТАР: УШте пред да го закопам , вие сте му ја ставиле јамката.
МАРЕ: Кој краде, еден ден и него Ќе го украдат. Така ти е тоа.
ПОПОТ ПЕТАР: Е за ова Ќе пиШува по сите весници.
БОшКО: Не, немој!!! Народот нема да гласа за мене!!!
(Даница се истргнува од скутот на Попот Петар и седнува кај БоШко.)
ДАНИЦА: ДуШо моја, како можеШ да бидеШ толку наивен. Јас уШте вчера префрлив с# на мое име. Така Што татко ти нема докази. Те ослободив од теШкиот товар.

БОшКО: Љубов моја, ти си генij.

ДАНИЦА: ќе отвориме ли јавни куЌи, татенце? ќе видиШ колку слатко Ќе ни биде.

(Таа го бакнува.)

МАРЕ: Сега Ќе бидеме одличен пакт за стабилност.

ПОПОТ ПЕТАР: А јас? Што Ќе биде сега со мене?

БОшКО: Снајди се па живеј.

ПОПОТ ПЕТАР: Ме бркате од сопствената куЌа!!! Јас сум ја градел!

(Попот бесен тргнува да си оди.)

ПОПОТ ПЕТАР: Ќе видиме ние за ова.

шЕСТА СЦЕНА

шЕСТА СЦЕНА

(Ратко сам во подрумот. Има стари работи и чеШма - всуШност скрШено лавабо.)

РАТКО: Гладен сум.. Ама тоа не е важно. Навистина татко ми го нема долго време. Тоа дури и ме загрижува. Но, Красимир е тежок професионалец, тој ниШто нема да остави на случајностите. Сигурно тој го задржува татко ми. Барем сув леб ми фрлаШе. А сега ме заборавил. Ама и него му е теШко.

(Отвора еден тефтер и почнува да пиШува.)

РАТКО: Го започнувам овој мемоар, кој Ќе ми остане во спомен, од овој убав период, во очекување на среЌата. О да, се чуствувам како да сум на пуст остров. Поточно, се чуствувам како Робинзон Крусо, кого наскоро Ќе го претворат во Петко. И кога Ќе станам Петко, Ќе влезам во Европскиот социјален комитет. И сите Ќе ме сакаат. ќе бидам најубав. Да не заборавам да му кажам на Красимир да ме исфарба. Така Ќе бидам најубав. Се мачам, признавам, а и гладен сум. Барем вода имам... На крајот сите жртви Ќе ми се исплатат. Морам да направам и план каква функција да му доделам на татко ми. Па и на Маре. Маре е способна жена, таа мора да ми биде десна рака. А и Даница. Добро, Даница има друг тип на способности. Идејата да се отвори јавна куЌа не и е толку лоШа. Нека се легализира еднаШ проституцијата. Таа сепак вреди да се почитува. Проституцијата ти е најстар занает на светот. А смачено ми

е да гледам проститутки со скрШени колкови на јавни места. Деца гледаат. Ако не се легализира проституцијата, можни се почести зарази од сида. Да, кога Ќе станам, Петко Ќе правам многу добри работи. Се разбира нема да го заборавам мојот интерес.

(Го затвора тефтерот во кој пиШува.)

РАТКО: А откако Ќе ми заврШи мандатот, Ќе го објавам и мојот мемоар. Да видат сите колку сум племенит. А сега немам сила... повеЌе да пиШувам... Гладен сум... А и татко ми го нема...

(Пие вода од скрШеното лавабо.)

РАТКО: Вака не се живее... Ама мора да се издржи, само уШте малку... Татко ми многу се жртвувал за мене, се жртвува и сега... Морам да го оставам на мир да си ја врШи работата... Јас му верувам... Татко... Само семејството на крај останува со тебе, никој друг... Денес нема пријатели.

(Се замислува.)

РАТКО: Немам ни весник, да видам Што моментално се случува во оваа држава.

(Ратко почнува да бара наоколу меЃу купот стари работи. НаоЃа старо, полно со праШина радио.)

РАТКО: Еве го.

(Го пуШта радиото)

ГЛАС ОД РАДИОТО: Локалните избори се веЌе во тек, веЌе ни се дефинирани и кандидатите...

РАТКО: Како?!! Како тоа!!??

СЕДМА СЦЕНА

(Сцената претставува студио во телевизија.Камери насекаде по сцената. Има спуШтено бело платно. На него пиШи вДуел пред молкотг. На средина има поставено две фотелји. На нив седат БоШко и Попот Петар. БоШко и Попот Петар се облечени  во костими. Носат вратоврски. Маре и Даница седат на столчиња со микрофони во раката.)

ДАНИЦА: Пак сме вечерва заедно. Како секогаШ во вДуелг, с#,  оди во живо. Нема сечење, нема кратење. С# е така како Што Ќе гледате, и никако поинаку.

МАРЕ: Од денес за првпат, со вас е прекрасната водителка Даница ТенеЌиевска..

ДАНИЦА: А исто така, колеШката Маре ќумбевска, по моминско.

МАРЕ: На јавноста нека &  биде јасно, дека никогаШ не го прифатив презимето од мажот ми.

(Попот Петар нервозно ја тегне вратоврската. Изгледа како да се гуШи од нервоза. БоШко задоволно си се смеШка.)

ДАНИЦА: Денес Ќе го гледаме дуелот меЃу двата кандидата

МАРЕ: Петар Јолаковски

ДАНИЦА: И БоШко Јолаковски.

(Се слуШа аплауз.)

МАРЕ: Но, пред тоа, малку реклами. Да ги

ДАНИЦА: Презентираме спонзорите...

(На платното во позадина гледаме реклами. Но, Штрајкувачите кои бараат леб, во некои моменти се погласни.)

ГЛАСОВИ: Леб!!! Немаме Леб!

ДАНИЦА: Наближуваат во студиото, Ќе ни ја униШтат емисијата.

ПОПОТ ПЕТАР: ќе ги сечат рекламите, внимавајте.

МАРЕ: Ова ни е прилика да се покажеме хумани пред народот.

ДАНИЦА: Повторно сме во емисија.

(Маре кон камерите)

МАРЕ: Народе ако немате леб, тогаШ јадате колачи.

(Зема од масата чинија колачи.)

МАРЕ: Еве видете колку сум хумана.

( Камерата ја следи. Таа ја оТвара вратата од студијото и ги фрла колачите од чинијата. Врз главата и фрлаат јајце. Јајцето и течЕ по лицето. А таа е бесна и зборува пред камерата. )

МАРЕ: Ете гледате, нема хумано суШтество на оваа земја! Никој не ги разбира оние што се жртвуваат, како мене! Јас им носам колачи, а тие ме маваат со јајца. А јајца имаат!! Да даде господ, никогаШ повеЌе јајца да не видат.

ДАНИЦА: А сега, реклами!

(Почнуваат рекламите, Маре си го бриШе лицето; се средува.)

БОшКО: Гледајте вКрасимир витаминиг.
ДАНИЦА: Браво за Красимир!
ГЛАСОТ ОД РЕКЛАМИТЕ: Красимир витаминчиња, пијат
мали дечиња.
Красимир витаминчиња, се
голтаат
ко апчиња.
Красимир витамнчиња, има и за
педерчиња.
Кој сака да биде убав и бесмртен - нека пие Красимир витамини.
(Рекламата заврШува.)
ДАНИЦА: Се враЌаме назад во студиото.
МАРЕ: Денес Ќе побараме од кандидатите да ни кажат, Што му нудат на народот.
ДАНИЦА: ЗоШто би гласал народот за нив?
МАРЕ: ќе му дадеме предност на постариот кандидат.
(Попот Петар ја тегне вратоврската, почнува да зборува.)
ПОПОТ ПЕТАР: Јас размислував дали воопШто да дојдам пред малите екрани. Мене Господ ме застапува, јас не морам секогаШ да се застапувам. Едноставно, не сакав да си правам дополнителна реклама. ГраЃаните знаат добро, кој сум јас. Јас сум ги крШтевал и венчавал. Сме делеле и добро и лоШо..
БОшКО: Ова е веЌе умилкување..
ПОПОТ ПЕТАР: Не го разбирам тој израз во политиката.
БОшКО: Политички кажано: подмитување.
МАРЕ: Прекрасно... Само продолжете... Ние веЌе имаме дуел...

ДАНИЦА: Подоцна Ќе ја имаме и темата гМито и корупцијаг за која Ќе сакаме да го слуШнеме ваШето мислење.
ПОПОТ ПЕТАР: Каква емисија е ова! Вие две, постојано зборувате, не можам да се доискажам!
МАРЕ: Таква емисија! Јасно ти е сега!?
ПОПОТ ПЕТАР: Јас нема да трпам навреди овде, Господе, ама навистина нема.
БОшКО: (Како за себе) Само ти смеШкај се. С# е добро. С# е супер. Секој ден, во секој поглед, се повеЌе напредуваШ.
МАРЕ: Ние сепак, Ќе мораме уШте еднаШ, да ги презентираме спонзорите.
ДАНИЦА: Значи следува маркетинг.
МАРЕ: Истото го кажав.
(На платното гледаме повторно реклами.)
ПОПОТ ПЕТАР: Ме избрукавте пред народот.
БОшКО: Ајде најдипломатски да се договориме... Како татко и син.
ПОПОТ ПЕТАР: што доживеав..Ти мене ли Ќе ме учиШ за дипломатија.
БОшКО: Кажи си, Што си имаШ да си кажиШ, и јас Ќе си кажам, Што си имам да си кажам, и да заврШиме веЌе еднаШ.
ГЛАСОТ ОД РЕКЛАМИТЕ: Ве боли главата? Имате проблеми со спиењето? ВаШето бебе пак се посрало, нели? Синот има трудна девојка? Вашата мајка бара внимание? Ви се појавиле брчки? До кога вака, се праШувате. Одговорот е во: Красимир Красов. Запамтете: не можете да живеете без Красимир. Со него Ќе ја откриете мистеријата на животот.
МАРЕ: Рекламите заврШуваат.

(Гледаме дека на платното прекинуваат со реклами.)
ПОПОТ ПЕТАР: ЛуЃе, гласајте за мене. Немојте да дозволите да ве излажат. Јас сум чесен. Цел живот сум бил. Ме знаете вие мене и јас ве знам вас. Немојте да згреШите.Господ Ќе ви врати. Господ с# гледа.
ДАНИЦА: А Што им нудите?
ПОПОТ ПЕТАР: ќе вработам педесет проценти од населението.
БОшКО: Тоа е малку. Јас Ќе вработам седумдесет проценти од населението.
ПОПОТ ПЕТАР: ќе отворам *Травел агенции*. ќе доаЃаат туристи од цел свет, кои Ќе сакаат да ги посетуваат манастирите. Така јас Ќе се поврзам со ланец на такви агенции од цел свет. И Ќе заработувате по дваесет проценти од сите агенции. Со тоа Ќе го подобрам туризмот и Ќе го овековечам културното наследство.
БОшКО: Туризмот е последната гранка. Јас Ќе ја подобрам економијата. Ќе направам ланец на банки и Штедилници низ цел свет.
ПОПОТ ПЕТАР: Можам да си претпоставам.
БОшКО: Јас отсекогаШ сум бил на страната на граЃаните..
ПОПОТ ПЕТАР: ГраЃаните Штрајкуваа заради тебе.
БОшКО: Заради твојот син.
ПОПОТ ПЕТАР: Заради брат ти, кој ти го намести.
БОшКО: Јас ја зборувам вистината. Не го слуШајте него.
ПОПОТ ПЕТАР: Господ да ми го исуШи јазикот, ако лажам. Син ми е, но јас не би гласал за БоШко, да сум на ваШе место. Тој е еден голем Лажач!
БОшКО: Докажи!!!

ПОПОТ ПЕТАР: Гласајте за мене кога ви велам. Ако не бев јас, Ќе немавте ни свадби ни погреби. Господ знае.
МАРЕ: Јас предлагам малку реклами.
ДАНИЦА: Се согласувам.
(Реклами во позадина.)
ГЛАСОТ ОД РЕКЛАМИТЕ: Красимир е волШебна вила.
Го претвора ѕверот во убавица.
Тиквата во кочија.
Волкот во Црвенкапа.
Красимир е с#.
(Во позадина се исклучауваат рекламите.)
ДАНИЦА: Продолжуваме со емисијата во живо.
БОшКО: Јас Ќе вработам 70% од населението. Јас Ќе ја подобрам економијата. ќе направам ланец на банки и Штедилници низ цел свет. Освен тоа, ако граЃаните ми изгласаат четиригодиШен мандат, спремен сум да им ги вратам парите до денар од веЌе пропаднатите банки на Петко. А Петко стои непотребно во гласачките ливчиња. Ви кажувам, за да не бидете во заблуда. Тој е заминат во дијаспората.
(Попот ја тегне врстоврската.)
ПОПОТ ПЕТАР: Да го тргнеме Петко од разговорот. Важно е ние Што Ќе понудиме. СлуШнете народе! Јас Ќе изградам и две православни цркви, две католички цркви и две џамии. Ќе бидат со повеЌе злато од на папата.
БОшКО: А јас Ќе изградам нови училиШта, Ќе отворам американски колеџи.
ПОПОТ ПЕТАР: Јас Ќе изградам уШте два нови плоШтада.
БОшКО: Јас Ќе ги поправам сите тротоари и улици.

ПОПОТ ПЕТАР: Јас Ќе ги реновирам сите згради.
БОшКО: Јас Ќе ги реновирам куЌите и хотелите.
МАРЕ: Жени домаЌинки, ако гласате за БоШко, секоја недела Ќе имате бесплатни третмани за разубавување. Се разбира не кај било кој, туку кај Красимир Красов.
ДАНИЦА: Ако гласате за БоШко, јас Ќе ве вработам во мојата Јавна куЌа. Од срамота нема работа. Оф, пардон. Од работа нема срамота. Вие Ќе станете проститутки, а тоа не е било Што.
Знаете, тоа е нејтеШка професија, затоа Што верувајте ми и дека и за тоа треба да си ја знаеШ работата. Ќе треба да знаеШ да дејствуваШ, а тоа е макотрпно дејствување. Но вие Ќе треба да нудите задоволство, страст и сласт, добар секс и потење, богат репетоар и разонода, плус љубов, се разбира.
МАРЕ: Ако гласате за БоШко, сите фризерски салони за вас Ќе бидат бесплатни. ќе ве научам како треба да изгледа моЌната жена, потенцијален кандидат за министерка по евроинтеграција.
ПОПОТ ПЕТАР: Ама ова не е дозволено!!! Јас Протестирам!!
МАРЕ: Ако гласате за БоШко, сите Ќе имате пари да плаЌате бебиситерка. А вие Ќе се занимавате со политика. Жената била и Ќе биде најдобар политичар.
ДАНИЦА: И така Ќе имате помалку грижи и нема предвреме да стареете. Се разбира, не го заборавame Красимир.
МАРЕ: Без Красимир, нема живот.
ПОПОТ ПЕТАР: Ова е невидено!!! Барам реклами!
БОшКО: (За себе) Секој ден во секој поглед сум с# подобар и подобар.
ПОПОТ ПЕТАР: Јас си одам. Ова нема да го толерирам!!

(Попот станува да си оди.)

ДАНИЦА: Зар Ќе заминете без подарокот од наШиот спонзор.

МАРЕ: Двата подарока Ќе му ги дадаме на БоШко. А ние да ја заврШиме емисијава.

ДАНИЦА: Овде е крајот. Прекрасно

МАРЕ: Полимизиравме.

ДАНИЦА: Како и секогаШ.

МАРЕ: За крај, совет од нас. Гласајте за БоШко! Јас секоја недела Ќе правам огромни бесплатни забави, за гласачите. Жени, Ќе можете бесплатно да одите во сауни! Кај Красимир. Красимир сауните ја прават кожата како чоколадо.

ДАНИЦА: Во мојата јавна куЌа Ќе има високи плати! Мили мои, бидете моЌни и бесмртни. Но, во моите јавни куЌи, Ќе има и жигола, па така секоја жена Ќе може да си се слади по нејзин вкус. Мажи! Ќе има конкурс вКој сака да биде жиголог.

БОшКО: ДуШо, секој маж, е потенцијално жиголо.

МАРЕ: Еве конечно, еден самокритичен маж. Затоа гласајте за БоШко.

(Во позадина се гледа одјавна шпица, на која БоШко, Маре и Даница си честитаат. )

ОСМА СЦЕНА

БоШко, Маре и Даница во куЌата.

БОшКО: Мислам дека с# оди убаво.

МАРЕ: Доволно, за да не одберат.

ДАНИЦА: Мислите дека Ќе има втор круг?

БОшКО: што Ќе направиме - ќе направиме во првиот круг. Сега или никогаШ. Не можеме да се надеваме на втор круг.

ДАНИЦА: Петко е уШте на гласачките ливчиња, како е можно.

БОшКО: Се бунев во владата дека Петко е кандидиран вон сите правила и закони, и дека стои на гласачките ливчиња и функционира против сите процедури, ама никој не ме слуШа.

ДАНИЦА: А Што ако и на овие избори е веЌе предвидено кој Ќе добие?

МАРЕ: УШте една недела има пред молкот. Спасот е во народот.

ДАНИЦА: Мора да направиме уШте една добра емисија!

МАРЕ: Со тебе! А бе не можам повеЌе! Ме брукаШ пред телевизија со твоите јавни куЌи! Па јас сум чесна жена, не сум како тебе ороспија! МислиШ дека можам да те трпам!? Принудена сум во случајов, инаку на улица не би те поздравила!

ДАНИЦА: Дали ја слуШаШ Што ми зборува!!? Ти изгледа не си ја знаеШ твојата положба?! Објасни и БоШко!

БОшКО: Маре, дали се сеЌаваШ на наШиот разговор, пред смртта на Ратко?
МАРЕ: Да и?
БОшКО: На чија сметка се префрлени парите од Петко?
МАРЕ: На твоја. Ама после Даница си ги префрли на своја.
БОшКО: На чија сметка се префрлени парите од Ратко?
МАРЕ: На твоја. Ама и тие, Даница си ги префрли на своја.
ДАНИЦА: А на чие име е куЌата?
МАРЕ: На твоја.
БОшКО: Да, тоа беШе неопходно, за да не се сомнева народот во мене. И сега?
ДАНИЦА: И?
МАРЕ: Значи такви игри играте вие!? Ме искористивте и сега чао. Така!?
БОшКО: По Ѓаволите!? Па ти Што очекуваШе.
ДАНИЦА: МислиШ дека јас тебе многу те сакам!!?? И јас те трпев поради некаква цел. И ја остварив целта!
МАРЕ: Не можам да ве поднесам! Подли и гнасни суШтества. Посебно тебе Данице и твојот курвински глас.
БОшКО: Доста не вреЃаШе сите, госпоЃо соврШена. што се замислуваШ ти!!!! Ти си една обична пуфла и ниШто повеЌе! Не можам да го поднесам твојот глас. Не можам да ја поднесам интонацијата со која ми се обраЌаШ. Ми се гади од тебе. Не можам да поднесам кога си покрај мене. Ме нервираШ, зар не разбираШ!!
МАРЕ: Не разбирам... толку наеднаШ... ти се измени кон мене.
БОшКО: ОтсекогаШ било така.

МАРЕ: Не било отсекогаШ, порано изгледаШе поинаку. Јас тебе ти верував, сепак. Брат ти и татко ти, не те прифатија, но јас те прифатив. И не ми се верува, како ми враЌаШ!!
БОшКО: МислиШ дека ми е гајле, Што мислел татко ми за мене? СекогаШ Ратко беШе прв за с#. А тој мене не ме сметаШе за жив. И ако сакаШ баШ да знаеШ, среЌен сум Што е мртов.
МАРЕ: Како се осмелуваШ такво неШто да кажеШ?!
ДАНИЦА: ДуШо, немој да бидеШ толку суров. Па Ратко н# спои. Ако не беШе тој, немаШе да бидеме ние. За мртвите лоШо не се зборува.
МАРЕ: Не ми се верува? Јас сум една жртва на ваШите лаги!Ох, колку сум била наивна, ниШто не сум разбирала! Арно викаШе Ратко, блуден брат, деликвент.. а јас кутрата те застапував!
БОшКО: А јас цел живот бев жртва на ова посрано опШтество. Сега, мене ми е редот!
МАРЕ: Не разбирам, Што е тоа Што ме држи овде! Знаете Што, јас Ќе си ги спакувам работите и Ќе си одам! Многу едноставно. Нема повеЌе да ве нервирам! Имам малку работи во подрумот од мајка ми. Тоа е с# Што имам. И не ми треба друго!
А вас, ви посакувам да цркнете и да пукнете, заедно со локалните избори! И ви посакувам да ги изгубите изборите! И да знаете дека нема да поминете толку лесно! Не заборавајте дека телевизијата е моја! Сега правам противреклами! Да знае Европската Унија каков морон Ќе прими во Економскиот социјален комитет! НиШто од наШиот пакт за стабилност!

ДАНИЦА: Пукни мори! Освен Што Ќе имам сопствена јавна куЌа за напредокот на Европската Унија, и министерка за Евроинтеграција, Ќе бидам јас!
МАРЕ: Ах Ратко каде си, да го видиШ ти ова. Какви жртвени јагниња сме биле јас и ти!
(Маре излегува.)

ДЕВЕТТА СЦЕНА
Ратко во подрумот. ВеЌе омлитавен, едвај диШе. Се слуШаат неговите мисли во офф.
РАТКО во офф: 39 дена... без храна... ми нема спас... после четирисеттиот никој не преживеал... готово е со мене...
(Ратко каШла.)
РАТКО во офф: Не сакам да умрам... Не сакам да горам во пеколот.. страв ми е... Немам сила... Гладен сум...
(Повторно почнува да чука по ѕидовите. Следнава реплика е крик.)
РАТКО: Сакам леб!!! Дајте ми парче суво леб! Имајте милост дајте ми леб!
(Повторно изморен седнува.)

РАТКО во офф: БездуШник..ах Петко блазе си ти.. Сега сфаЌам дека можеби и сум те спасил..
(Ратко почнува да плачи.Следнава реплика ја кажува.)
РАТКО: Ех... ниШто не сум знаел јас во животов... ниШто... а си мислев ...
(Се слуШа крцкање. Ратко се обидува да викне, но само тивко Шепоти.)
РАТКО: Отвори ми...
(Се слуШа крцкање на клучалка. Потоа отварање на врата. Влегува светлина. Влегува и Маре. Го гледа Ратко и вриска. Ратко како наеднаШ да добива сила.)
РАТКО: Да не си писнала.
(Маре е преплаШена.)
МАРЕ: С# Ќе ти кажам. ќе бидам искрена, нема да те лажам, само не прави ми ниШто, те молам.
РАТКО: ЕднаШ за дуШа не си раздала. Па слегов сам да си земам. Гладен сум. Не гледаШ како сум ослабен.
МАРЕ: Сега Ќе се качам горе и Ќе ти донесам.
РАТКО: Прво дај ми го клучот.
МАРЕ: Кој клуч?
РАТКО: Од подрумов.
(Маре му го дава клучот.)
РАТКО: А сега донеси ми јадење.
МАРЕ: ВеднаШ.
(Маре излегува.)
РАТКО: Е сега ве имам во раце и тебе и БоШко. А со татко ми на крај Ќе ги расчистам сите сметки. Нема лесно да си поминете, има убаво да ми платите. Имам право да ви ја земам дуШичката од страв.

(Маре влегува со леб и месо. Ратко ги зема и почнува да јади ненаситно.)

МАРЕ: Ох пуста јас! Колку гладен сум те оставила. Прости ми. Ама овде беа изборите. Ах Ратко не знаеШ со какви луЃе си ме оставил. ДуШата ми ја извадоја. КуЌата и парите ти ги зедоа. С# е сега во рацете на брат ти БоШко и Даница.

РАТКО: Знам јас се знам, се гледам и се слуШам. Ама сега сакам од тебе да чујам. И ако само едно неШто ми скриеШ, е дуШата Ќе ти ја земам.

МАРЕ: Незнам од каде да почнам.

РАТКО: Од почеток.

РАТКО: Знам јас, с# знам, с гледам и с# слуШам. Ама сега сакам од тебе да чујам. И ако само едно неШто ми скриеШ, е дури тогаш дуШата Ќе ти ја земам.

МАРЕ: Незнам од каде да почнам.

РАТКО: Од почеток.

МАРЕ: Па уШте првиот ден после медениот месец, јас почнав да те изневерувам со брат ти.

РАТКО: Аха... И?

МАРЕ: Јас всушност никогаШ не те сакав тебе, ги сакав твоите пари.

РАТКО: И?

МАРЕ: Сите совети како да се искачуваШ по скалилата, беа со цел јас да уживам во моЌта и раскоШот, а не ти.

РАТКО: И!!!

МАРЕ: Јас всуШност цело време го сакав Петко. Ама тој беШе цврст карактер, а не како тебе мек. Него не можев да му влијаам и затоа те одбрав тебе. Ама ти не треба да му се

лутиШ на брат ти, барем не за таа работа, оти и ти си ме изневерувал со Даница.

РАТКО: Кој го кажал тоа?

МАРЕ: Даница.

РАТКО: Измислувала.

МАРЕ: А јас глупава наседнав. Дента на твојата смрт, јас сите пари Што ги имавме од пропаднатите Штедилници на Петко, ги префрлив на сметка на БоШко, а сега се на сметката на Даница.. Ама тоа не беШе од зла намера... едноставно граЃаните Штрајкуваа против тебе, заради данокот, и јас морав да ти го обелам образот.

РАТКО: Затоа со БоШко на радио изјавивте дека вСум бил крив, Што сум бил живг И притоа ги собравте парите и од моите две банки и од Штедилницата.

МАРЕ: Но тоа не беШе со зла намера. Ни требаа пари околу изборите. Освен тоа мртвите - мртви, ама векот е за живите. Извини не сакам да те навредам Што си мртов... ама така е...

РАТКО: И!!!

МАРЕ: А Даница и БоШко ме изиграа. Немој да млислиШ дека ми беШе лесно без тебе. УШте ме боли кога брат ми кажа дека бил среЌен, Што си умрел. Ама јас навистина им верував на луЃето.

РАТКО: Е ова страШно ме лути!!!

МАРЕ: И мене. Како можев да бидам толку глупава што не ги префрлив парите на мое име. Сите пари сега се во Даница, а и куЌата.А јас глупава. На крајот с# ми се врати.

РАТКО: И?!

МАРЕ: Ова треба да ти го раскажам на долго и на Широко. Но немам време. Морам да бидам иселена пред да се вратат

БоШко и Даница. Но ти не мислиШ да се вратиШ во твојот свет, изгледа убаво ти стана тука. Ама никој жив од таму не се вратил. Извини ако те навредив, ама така е.
РАТКО: Па јас и се вратив во мојот свет, ако мислиШ дека пак Ќе се качувам горе, да ти кажам право, не планирам во скоро време.
МАРЕ: Па како... тоа е дозволено?..
РАТКО: Маре, зарем уШте не ти е јасно?
МАРЕ: Не... Да... Па ти воскресна!?
РАТКО: За да воскресниШ, треба прво да си мртов... разбираШ?
МАРЕ: Па, ти си мртов?
РАТКО: Не сум мртов бре Маре!
МАРЕ: Како?!
РАТКО: Тоа е долга приказна.
МАРЕ: И сега?
РАТКО: Само мене едно не ми е јасно, кој го ставил Петко на гласачко ливче.
МАРЕ: Е тоа сите н# мачи.
РАТКО: Петко е мртов.
МАРЕ: А не е мртов. Само е заминат во дијаспората.
РАТКО: Весниците лажат. Јас ти испратив СМС од таен мобилен, во телевизија.
МАРЕ: Е стварно сум била наивна.
РАТКО: Аха.. Спакувај се, па јас и ти имаме да разговараме. Посебно околу изборите. Сега ти си останата сама, исто како и јас. Јас тебе не ти верувам..ама баШ ич..Не те сакам..ама баШ ич.. Но и покрај тоа, јас Ќе морам да се потпрам на тебе..бидејки немам никој друг... А би те советувал и тебе,

бидејки како Што гледам како стојат работите, ни ти немаШ никој друг освен мене, затоа остани со мене во овие теШки времиња, и да им вратиме на сите за с#.

МАРЕ: Твоја! Верна и покорна Ќе сум јас.

ДЕСЕТТА СЦЕНА

БоШко и Даница во спалната. На сцената има брачен кревет. И двајцата во пижами.

ДАНИЦА: Конечно мирно Ќе спиееме.

БОшКО: Сега сме богати и убави.

ДАНИЦА: ДуШо, како ти мириса моето млеко за тело.

БОшКО: Како јоргован.

ДАНИЦА: Хммм

(Се бакнуваат.)

БОшКО: Види ги моите бицепси и трицепси.

(Даница ги фаЌа.)

ДАНИЦА: Право маже.

БОшКО: ќе те згмечам.

ДАНИЦА: ќе те растурам.

БОшКО: ќе те сечам.

ДАНИЦА: ќе те печам и Ќе те јадам.

БОшКО: Изгаси ја сијалицата.

(Даница ја гаси. Легнуваат на креветот и се покриваат со ќебето.)

ГЛАСОТ НА РАТКО: (зборува тивко) Како можете мирно да спиете, по тоа Што ми го направивте?

ДАНИЦА: СлуШна неШто?

БОшКО: НиШто.

ДАНИЦА: Сигурен си?

БОшКО: Дојди де.

ДАНИЦА: Хмммм..Вкусно...

ГЛАСОТ НА РАТКО: (зборува погласно) Како можете мирно да спиете, по тоа Што ми го направивте?

БОшКО: Еј доста...престани...

ДАНИЦА: што е сега?

БОшКО: Некој како да зборуваШе.

ДАНИЦА: И ти слуШна?

БОшКО: Гласот како да ми е познат.

ДАНИЦА: Незнам...

ГЛАСОТ НА РАТКО: (гласно) Како можете мирно да спиете, по тоа Што ми го направивте?

(Даница и БоШко се покриваат со јорганот преку главата.Ратко влегува во собата. Се приближува до креветот и го трга јорганот.)

ДАНИЦА: Аааааааааа!!!!!

(БоШко станува и трча да ја запали сијалицата, Ратко му застанува на патот)

БОшКО: Не ме земај,... те молам,...Брате!

РАТКО: Повтори Што кажа?

БОшКО: Не ме земај! Не ме земај!

ДАНИЦА: Ааааааа!!!

РАТКО: Не другото.

БОшКО: Те молам! Те молам!

ДАНИЦА: И јас те молам! И јас те молам!

РАТКО: Не другото, кажи го другото.

БОшКО: Брате мој! Ох брате мој! Мојот најмил и најсакан брат.! Мојата крв сакана!

РАТКО: А сега брат ти станав!

БОшКО: Па ти си бил отсекогаШ мојот најмил, најсакан, мојот единствен брат.

РАТКО: Ако не се затниШ, Ќе ти врзам Шамар.

(БоШко замолчува.)

РАТКО: Денес Свети Петар ме посети во мојот таен кабинет, и знаеШ Што ме информира?

БОшКО: што и да ти кажал, те излажал.

РАТКО: што си кажал ти денес?

ДАНИЦА: Ох пустата јас... леле Ќе си го изгубам мажот ми... Ти реков бе БоШко дека за мртвите лоШо не се зборува.

БОшКО: НиШто не кажав.

РАТКО: Сигурно?

БОшКО: Сигурно.

РАТКО: Ако е така Ќе треба да го потпиШеШ овој документ.

(Ратко & вади еден документ и пенкало.)

РАТКО: ПотпиШи сега овде.

(Даница исплаШена)

ДАНИЦА: Не потпиШувај БоШко, Ќе ти ја земат дуШата.

РАТКО: Е ако не потпиШе дури тогаШ и тебе и него Ќе ви ја земам дуШата.

БОшКО: Кај треба да потпиШам, Ќе потпиШам кажи.

ДАНИЦА: Дај и јас Ќе потпиШам ако треба за него.

РАТКО: Да и ти Ќе треба да потпиШеШ.

ДАНИЦА: Ама јас не направив ниШто лоШо.

РАТКО: Никој од Горе не верува. Само ако потпиШеШ црно на бело, Ќе го разгледаат случајот, Што не значи дека Ќе ти поверуваат.

ДАНИЦА: Дај да потпиШам.

РАТКО: И двајцата по три пати Ќе потпиШете.

(Даница и БоШко потпиШуваат ).

РАТКО: Е дури сега потпиШавте дека ми ги предавате дуШите.

БОшКО: Леле те молам земи ја неа, остави ме мене.

ДАНИЦА: Молам!!!

БОшКО: За с# е таа виновна. С# беШе нејзина идеа.

ДАНИЦА: Не ми се верува...

БОшКО: А јас бев наивен и наседнав.

ДАНИЦА: Така е. Јас морав да се снајдам, ама земи го него оти е предавник! Глупав! Неспособен! И за разлика од него, јас те гледам во очи и ти велам: Земи ме, ама и да се преродам, истото Ќе го направам.

БОшКО: Ја гледаШ, каква е!? Како можев да се справам со ваков темперамент. МораШ да ме разбереШ.

РАТКО: Ха ха ха, е многу сте смеШни.

БОшКО: ВсуШност од кога мртвите Шетаат по земјата?

РАТКО: А, па отсекогаШ. Кај нас горе, тоа е демоде. Си шетаме и си собираме потписи од наивни душички како вас.

ДАНИЦА: И сега Што Ќе правиме без дуШи?

РАТКО: И јас се праШувам.

БОшКО: А јас Што потпиШав? Прочитај ми.

РАТКО: НиШто посебно, се потпиШа како сведок.

БОшКО: Молам!? За Што?

ДАНИЦА: А јас?

РАТКО: Е тебе ти ја зедов куЌата, двете сметки и на Петко и мојата. А мажот ти беШе сведок дека се е регуларно.

БОшКО: Па Што Ќе ти се тебе парите и куЌата? Ти си мртов.

РАТКО: Е тука сте во заблуда.

ДАНИЦА: Како?

РАТКО: Јас никогаШ не сум бил мртов. И не си играјте *лажги со опаШки* повеЌе, затоа Што мојата опаШка е најдолга и крајот нема да можете да ми ја најдете.

ДАНИЦА: А не. ти сигурно си Петко. БеШе заминат во дијаспората и Красимир Красов те направил во Ратко, и сега сакаШ да ни земеШ с# па дури и изборите. Затоа Што ваква

работа може да му текне на Петко, но не и на Ратко. И затоа Петко не е симнат од гласачките ливчиња.

РАТКО: Петко е мртов. Еве уШте во неШто сте се излагале. Јас секогаШ можев повеЌе од Петко, ама вистинските асови ги чував за крај.

ДАНИЦА И БОшКО: Мртов?

РАТКО: А вие бидете среЌни Што сте живи, и тргнете ми се од патот пред да ме налутите. Утре наутро сакам да бидете иселени од мојата куЌа. Јасно!!!

ДАНИЦА И БОшКО: Јасно.

(Ратко излегува)

БОшКО: Е дури сега ниШто не ми е јасно.

ДАНИЦА: Ни мене.

ЕДИНАЕСЕТТА СЦЕНА

Камери поставени на сцената. На средина две фотелји. Дуел пред молкот. Маре и Ратко во емисијата.

МАРЕ: Како Што слуШнавте, се случи трагедија. Се случи мистерија. Четириесет дена,  невин и чесен човек, лежеШе затворен во мрак, само со вода. Па дали е ова хумано? Каде е човекот во нас? што се случува со нас граЃани? Ние ли бевме, тие, Што го обвинуваа овој кутар и напатен човек. Оваа греШка мора да се исправи. (кон Ратко). Добровечер. Како сте.

РАТКО: Се држам... Се држам...

МАРЕ: УШте на почеток, сакам да ви се заблагодарам, Што н& ја направивте таа чест и Што дојдовте да бидете гостин во наШата емисија.

РАТКО: И јас вам ви благодарам Што ме поканивте. Ме радува Што сум поканет во ова емисија.

МАРЕ: И мене ме радува, но најпрво да ги презентираме спонзорите, па Ќе се вратиме во студио.

(Во позадина реклами)

ГЛАСОТ ОД РЕКЛАМИТЕ: Не земајте Красимир витаминчиња
убиваат дечиња.

Не земајте Красимир витаминчиња
Трујат ко апчиња.
Не земајте Красимир
витаминчиња,
Останавме без педерчиња.

РАТКО: А бре каде е Красимир?

МАРЕ: Исчезна. Продал евтина роба за многу пари и ја дувнал.

(Рекламите заврШуваат.)

МАРЕ: Ратко, мојот ценет, најсакан сопруг. Мојата вечна љубов сака неШто да ви каже. А денес за разлика од минатиот пат, можат да се јавуваат гледачи.

(Ратко почнува да се тресе од возбуда.)

РАТКО: ЛуЃе разберете ме! ЛуЃе спасете ме! Јас страдав! Јас се борев за гола егзистенција! За леб! Мене немаШе кој да ми фрли леб.

МАРЕ: Смирете се! Не возбудувајте ме! Почнете од почеток за да можат граЃаните да ве разберат.

РАТКО: Можете да замислите, мојот татко ме држеШе заклучен четириесет дена во подрумот. Без да ми фрли некаква храна. Објавил по сите весници и телевизии дека сум мртов. Дури и жена ми ја убедил во тоа. На брат ми пак тоа му одговарало. Тој ме обвини за сите кражби, Што тој ги направи. Морам да прокоментирам за заблудава Што ја Шират медиумите: Јас и жена ми не сме разделени. ОтсекогаШ сме се сакале, а сега дури и лудо се љубиме. И медиумите лажат, таа уШте го носи моето презиме.

МАРЕ: Тоа е точно. А сега реклами!

(пуШтаат реклами)

ГЛАСОТ НА РЕКЛАМИТЕ: Ве боли главата? Имате проблеми со спиењето? ВаШето бебе пак се посрало, нели? Синот има трудна девојка? Мајка ви бара повеЌе внимание да и се посвети внимание? Ви се појавиле брчки? До кога вака, се праШувате. Одговорот е секогаШ! СегогаШ! СекогаШ! Не се лажете дека некогаШ Ќе ви биде подобро. Ни еден Красимир не може да ве спаси, тоа е животот.

(Ги исклучуваат рекламите.)

МАРЕ: Продолжуваме.

РАТКО: Мојот татко е убиец.  Тој го уби Петко. А знаете каде го скри неговиот труп!? Претпоставете си Ђ во мојот ковчег! Лажно погребувајки ме, тој го погребал Петко! За Петко е објавено дека заминал во дијаспората. Но, не е вистина. Петко повеЌе не е жив.

(Ратко почнува да плаче.)

РАТКО: Да, да...Оној Петко кого сите го сакавте! Петко кој беШе најдобриот и најпожртвуваниот човек. Ете Петко и Јас, страдавме од овие игри. Игри како да се стигне до власт. Зарем можеме да ја споредиме вредноста на животот, со вредноста на власта. Јас ги жалам тие Што сметаат дека Власта е врвот на сите добра.

МАРЕ: Бравос! Така! СлуШајте паталец, а не гаталец. А сега можете слободно да се јавувате на 2223334 и 2223335. И да му поставувате праШања на Ратко... Имаме некого на линија?

ГЛАСОТ ПЕТКО: ГраЃани на телефон е ваШиот иден градоначалник. На телефон е Петко. СлуШнете вие ... Предавници! Лицемери! Лажови! Интриганти! Мислите дека можете да го излажете народот... Јас сум жив! И Ќе останам жив засекогаШ.

МАРЕ: ќе мора да сечиме...време е за реклами.
(Во позадина реклами)
ГЛАСОТ ОД РЕКЛАМИТЕ: Ѕверот си е ѕвер.
Убавицата си е убавица.
Кој си е тиква Ќе си остане тиква.
Чуда не постојат.
Не одете на третмани кај
Красимир, ако сакате да останете
здрави смртни суШтества.
РАТКО: Нема повеЌе вклучување во емисија.
МАРЕ: ќе мора уШте еден гледач.
РАТКО: Ама...
МАРЕ: Морам да одам по сценарио...
(ЗаврШуваат рекламите)
МАРЕ: Имаме гледач на линија.
ГЛАСОТ НА ПЕТКО: Значи јас имам да објаснам неШто...
МАРЕ: Ти доволно кажа, не смеам ист гледач да пуШтам да зборува два пати.
ГЛАСОТ НА ПЕТКО: Ратко е тој кој изврШи безуспеШен атентат врз мене. Затоа јас се криев толку време...
(Маре го исклучува)
МАРЕ: Постојат секакви болни Шизофреничари, кои го губат својот идентитет. Жал ми е за овој гледач, кој од преголема љубов кон Петко, поверувал дека тој и самиот е Петко. Со тоа оваа емисија заврШува.

ДВАНАЕСЕТТА СЦЕНА

(Седнати во двор, Маре, Даница, Попот Петар, БоШко и Ратко. Ратко врти скара. Маре носи салати. Се тура и се пие ракија. ПуШтено е радио Што ШуШти.)

ГЛАСОТ НА СПИКЕРКАТА: Вчера цела ноЌ ги пребројувавме гласачките ливчиња.  И конечно дојдовме до резултатот.

ПОПОТ ПЕТАР: СлуШајте.

ГЛАСОТ НА СПИКЕРКАРА: Петар Јолаковски, само 10 %од гласовите.
ПОПОТ ПЕТАР: Ова е заради тебе Ратко.
МАРЕ: На почнувајте пак ви се молам. Ај еднаШ како луЃе да јадеме.
ДАНИЦА: Ратко, да донесам чинија за месото.
МАРЕ: ( Маре & ја зема чинијата од рака на Даница, и му ја носи на Ратко.)
ДАНИЦА: Па добро.
(Седнува во скутот на БоШко.)
ПОПОТ ПЕТАР: СлуШајте!
ГЛАСОТ НА СПИКЕРКАТА: Бошко Јолаковски има 15 %, од гласовите.
БОшКО: Пак имам повеЌе од тебе.
ПОПОТ ПЕТАР: Затоа Што мафијаШите гласаат за тебе.
ДАНИЦА: Пак вреЃаШ!
ПОПОТ ПЕТАР: Не велам јас дека е БоШко мафијаШ, ама пола држава се мафијаШи.
ГЛАСОТ НА СПИКЕРКАТА: И оваа година 75% од гласовите ги зеде за првпат - Кандидатот од опозицијата кој навидум изгледаШе како да се повлекол - Петко.
РАТКО: Се знаеШе.
ПОПОТ ПЕТАР: Па попаметен е од тебе синко, Што да се прави.
РАТКО: СекогаШ си ми ја повредувал суетата.
ДАНИЦА: Важно се потруди!
БОшКО: И сите нас не надитри!
МАРЕ: Ама со Петко не си можеШ.
(Се појавува Петко)

СИТЕ: Петко!!!!!!

ПЕТКО: ќе има и за мене место, гладен сум.

(Ратко трча да му намести стол за да седне.)

СИТЕ: И!!!

РАТКО: Па јас пукав во тебе.

ПЕТКО: И промаШи по трет пат.

РАТКО: Па Што не ми кажа веднаШ. ќе пробав уШте еднаШ.

ПЕТКО: Не сакав да се мачиШ.

МАРЕ: Да ти турам ракиче.

(Маре му тура ракија)

РАТКО: Како ти успеа?

ПОПОТ ПЕТАР: Ковчегот беШе празен.

ПЕТКО: Ние направивме договор со татко ти. Јас Ќе му се тргнам од патот, за тој да биде градоначалник. Јас сум тој Што му даде членска книШка од мојата партија на попот. Јасно ми беШе од старт Што Ќе се случува.Татко и  син, Ќе се свртат еден против друг - ниШто ново за народот. Од почеток сето тоа Ќе изгледа на една прекрасна комедија, потоа станува одвратно. И никој не гласа за двајцата Што се караат, туку добива третиот.

ДАНИЦА: Еве кременадла за Петко.

ПЕТКО: Фала.

(Петко почнува да јаде)

ПЕТКО: Но не грижете се, мене сега ми треба стручен кадар. Затоа дојдов овде. Мораме наШата држава да ја припремиме на патот кон Европа. За сите Ќе има место.

МАРЕ: Јас сакам да сум министерка за Евроинтеграција.

ПЕТКО: ќе бидеШ.

ДАНИЦА: А да отвориме јавна куЌа!?

ПЕТКО: Без тоа не може да се гради метропола.
БОшКО: А јас?
ПЕТКО: Европската унија е дарежлива. Ха ха ха. ќе смислиме неШто.
 РАТКО: Незнам Што да мислам?
МАРЕ: А сега, баШ ме интересира,Што Ќе правиме со гробот. Мислам таму пиШува дека Ратко е мртов.
РАТКО: Тоа е најлесно. Секое чудо, три дена трае. ќе ме заборават веднаШ, Ќе заборават и дека сум умрел. Ние Ќе си се однесуваме најнормално. Дури можеме да се однесуваме како никогаШ да немало избори. И тоа соврШено би функционирало.
ДАНИЦА: Продолжуваме понатаму нели?
(Сите ги креваат чаШите ракија и наздравуваат.)
СИТЕ: За Петко.
ПЕТКО: За новиот почеток.